## ПРАШАЊА ОД ЗАКОН ЗА ПАРНИЧНА ПОСТАПКА

(„Службен весник на Република Македонија” бр.7/2011*/пречистен текст/* и бр. 124/2015)

**1. Кога парничниот суд во прв степен суди во совет, советот е составен од:**

а) еден судија претседател на советот и двајца судии поротници
б) двајца судии како претседатели на советот и еден судија поротник
в) двајца судии како претседатели на советот и двајца судии поротници

**2. За судење во спорови за сопственост и за други стварни права на недвижностите, исклучиво е надлежен:**

а) судот каде тужениот има живеалиште
б) судот каде тужителот има живеалиште
в) судот на чие подрачје се наоѓа недвижноста

**3. Судија поединец суди спорови за имотно-правните барања кога вредноста на предметот на спорот не го надминува износот од:**

а) 3.000.000 денари
б) 1.800 000 денари
в) 2.000.000 денари

**4. Во парнична постапка ако поднесокот е упатен по пошта со препорачана пратка, како ден на предавање на судот се смета:**

а) денот на приемот во судот
б) денот на предавање на поштата
в) денот на составувањето на поднесокот

**5. Во постапка поради смеќавање на владение судот одлучува со:**

а) пресуда
б) наредба
в) решение

**6. Кога парничниот суд одлучува во совет, одлуката се носи:**

а) едногласно
б) со мнозинство гласови
в) врз основа на гласот на претседателот на советот

**7. Парничната постапка се поведува со:**

а) тужба
б) барање
в) предлог

**8. Во случај кога вештите наоди и мислења на вештите лице не се сложуваат суштествено, судот во парничната постапка може да определи:**

а) дополнително вештачење
б) супер вештачење

**9. За исклучување на јавноста во парнична постапка одлучува:**

а) Советот
б) Претседателот на судот
в) Претседателот на советот

**10. Пресудата која повеќе не може да се побива со жалба, а со која е одлучено за барањето на тужбата или противтужбата станува:**

а) правосилна
б) конечна
в) извршна

**11. Пресудата во парнична постапка спрема странките има дејство од:**

а) денот кога им е доставена
б) денот кога е писмено изготвена
в) денот на верификација

**12. Писмено изработената пресуда во парничната постапка мора да има:**

а) увод, изрека и образложение
б) само увод и изрека
в) само увод и образложение

**13. Навремено изјавена жалба спречува пресудата да стане правосилна:**

а) во делот што се побива со жалбата
б) во целост

**14. Ненавремена, нецелосна и недозволена жалба парничниот суд ќе ја:**

а) отфрли со решение
б) отфрли со пресуда
в) одбие со решение

**15. Жалбата во парничната постапка изјавена по истекот на законскиот рок за нејзино поднесување е:**

а) недозволена
б) ненавремена
в) неоснована

**16.Против правосилна пресуда донесена во втор степен странките може да изјават ревизија во рок од:**

а) 30 дена од денот на доставувањето на препис на пресудата
б) 15 дена од денот на доставувањето на препис на пресудата
в) 60 дена од денот на доставувањето на препис на пресудата

**17. За ревизијата во парничната постапка одлучува:**

а) Уставниот суд на Република Македонија
б) Апелациониот суд
в) Врховниот суд на Република Македонија

**18. Поднесената ревизија против правосилна пресуда:**

а) не го задржува извршувањето на правосилната пресуда против која е изјавена
б) го задржува извршувањето на правосилната пресуда против која е изјавена

**19. Странките може да изјават ревизија против второстепена пресуда, ако вредноста на предметот на спорот на побиваниот дел на пресудата надминува:**

а) 1.000.000 денари
б) 1.500.000 денари
в) 2.000.000 денари

**20. Во спорови за издршка ревизијата е дозволена:**

а) секогаш, без оглед на вредноста на спорот
б) доколку вредноста на спорот надминува 1.000.000 денари
в) доколку вредноста на побиваниот дел на пресудата надминува 1.000.000 денари

**21. Во спорови од работните односи ревизијата без оглед на вредноста е дозволена:**

а) по повод престанок на работен однос
б) само во статусните спорови од работен однос
в) секогаш , без оглед на основот на спорот од работен однос

**22. Странка во парничната постапка може да биде:**

а) само физичко лице
б) само правно лице
в) секое физичко и правно лице

**23. По жалба изјавена против пресуда во парнична постапка донесена од првостепениот суд одлучува:**

а) Врховниот суд на Република Македонија
б) Уставниот суд на Република Македонија
в) Апелациониот суд

**24. Првостепената пресуда донесена во парнична постапка може да се побива поради:**

а) суштествени повреди на парничната постапка, погрешно и нецелосно утврдена фактичка состојба и погрешна примена на материјалното право
б) само поради суштствени повреди на парничната постапка
в) само поради погрешна примена на материјалното право

**25. Вонредни правни лекови предвидени со Законот за парнична постапка се:**

а) жалба и приговор
б) жалба и барање за заштита на законитоста
в) ревизија и повторување на постапката

**26. Странката може да изјави ревизија ако побиваниот дел на пресудата надминува:**

а) 100.000 денари
б) 10.000 денари
в) 1.000.000 денари

**27. Примерок од одговорот на жалба првостепениот суд ќе достави до жалителот во рок од:**

а) три дена
б) осум дена
в) петнаесет дена

**28. Примерок од навремена, целосна и дозволена жалба првостепениот суд ќе достави до спротивната странка во рок од:**

а) три дена

б) осум дена
в) петнаесет дена

**29. Во стопански спорови за парично побарување чија што вредност не надминува 1.000.000 денари, а по кои постапката се поведува со тужба пред суд, странките се должни пред поднесување на тужбата да се обидат спорот да го решат по пат на:**

а) арбитража
б) медијација
в) помирување

**30. Во постапка за спорови од мала вредност се спорови во кои тужбеното барање се однесува на побарување во пари кое не го надминува износот од:**

а) 600.000 денари
б) 1.000.000 денари
в) 500.000 денари

**31. Пресуда поради изостанок, пресудата поради неподнесување на одговор на тужба и пресудата без одржување на расправа, не може да се побива поради:**

а) Сторени суштествени повреди на одредбите на парничната постапка
б) Погрешно или нецелосно утврдена фактичка состојба
в) Погрешна примена на материјалното право

**32. Навремено поднесена жалба против решение донесено во парничната постапка:**

а) Го задржува извршувањето на решението
б) Го задржува извршувањето на решението, ако со Законот за парнична постапка поинаку не е определено
в) Не го задржува извршувањето на решението

**33. Странките можат во ревизијата да изнесуваат нови факти и да предлагаат нови докази само ако тие се однесуваат на:**

а) суштествени повреди на одредбите на парничната постапка поради кои може да се изјави ревизија
б) утврдената фактичката состојба
в) применетото материјално право

**34. Законскиот застапник на странка која нема парнична способност се определува со:**

а) закон или со акт на надлежен државен орган

б) акт на Претседателот на судот
в) акт на Претседателот на советот

**35. Кога поднесокот  е неразбирлив или не го содржи сето она што е потребно за да може да се постапи по него судот:**

а) ќе го отфрли
б) ќе го одбие
в) ќе му укаже на подносителот да го исправи поднесокот

**36. За судење општо месно надлежен е судот:**

а) на чие подрачје тужениот има живеалиште
б) на чие подрачје тужителот има живеалиште
в) на чие подрачје тужителот има престојувалиште

**37. Судирот на надлежност меѓу судовите го решава:**

а) Заеднички непосредно повисокиот суд
б) Претседателот на повисокиот суд
в) Претседателот на Врховниот суд

**38. По барањето за изземање на Претседателот на судот одлука донесува :**

а) Претседателот на непосредно повисокиот суд
б) Претседателот на Врховниот суд

**39. Кога почнува да тече парницата?**

а) со поднесување на тужбата до судот
б) со доставување на тужбата до тужениот
в) со одржување на подготвително рочиште и закажување на главна расправа

**40. Тужителот може да ја преиначи тужбата:**

а) до првото рочиште на главната расправа
б) во текот на главната расправа
в) до заклучување на главната расправа

**41. Одлуката за трошоците во пресудата се смета за:**

а) решение
б) заклучок

**42. Кој одлучува за изземање на записничар во парнична постапка?**

а) Претседателот на судот
б) Претседателот на советот односно судијата поединец
в) Судскиот администратор

**43. Одрекувањето или откажувањето од жалбата во парничната постапка:**

а) може да се отповика
б) не може да се отповика
в) може да се отповика само во случаи предвидени со закон

**44. Полномшникот е должен да поднесе полномошно:**

а) до заклучување на главната расправа
б) при првото дејствие во постапката
в) во текот на целата постапка

**45. Против решението за продолжување на рокот:**

а) не е дозволена жалба
б) дозволена е жалба ,само во определени случаи
в) дозволена е жалба

**46. Во постапка во спорови поради смеќавање на владение, тужбата се смета за повлечена ако тужителот во рок од:**

а) 15 дена од денот на поднесувањето на тужбата не ја плати судската такса
б) 8 дена од денот на поднесувањето на тужбата не ја плати судската такса
в) 3 дена од денот на поднесувањето на тужбата не ја плати судската такса

**47. Ако тужителот до заклучувањето на главната расправа се одрече од тужбеното барање, судот без натамошно расправање ќе донесе:**

а) Решение со кое тужбата се смета за повлечена
б) Пресуда со која го одбива тужбеното барање
в) Решение со кое што тужбата се отфрла.

**48. Тужбата се смета за повлечена ако тужителот не ја плати судската такса во рок од:**

а) 30 дена од денот на поднесување на тужбата
б) 45 дена од денот на поднесување на тужбата
в) 15 дена од денот на поднесување на тужбата

**49. Повлечената тужба може повторно да се поднесе:**

а) Не

б) Да
в) само во случаи определени со закон

**50. Постапката во споровите од работни односи пред првостепениот суд мора да заврши во рок од :**

а) 3 месеци од денот на поднесување на тужбата
б) 6 месеци од денот на поднесување на тужбата
в) 9 месеци од денот на поднесување на тужбата

**51. Против решението што се однесува на раководење со расправата:**

а) е дозволена посебна жалба
б) не е дозволена посебна жалба
в) дозволена е во исклучителни случаи

**52. Ако судот пропушти да одлучи за сите барања со пресудата или пропуштил да одлучи за дел од барањата, странката од приемот на пресудата може да му предложи на судот да изврши дополнување на пресудата во рок од:**

а) 8 дена
б) 15 дена
в) 30 дена

**53. За одрекување од тужбеното барање:**

а) потребна е согласност од тужениот
б) потребна е согласност од тужениот само во определени случаи
в) не е потребна согласност од тужениот